**20110942270**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 90-а став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

### ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата.

Член 2

На физичкото лице или правното лице кое се повикуваат на едукација им се врачува покана на образец даден во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

Поканата од став 1 на овој член се печати на хартија со бела боја во А4 формат, и ги соджи следните елементи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој ја спроведува едукацијата,

- називот на поканата.

1. Податоци за физичкот лице кое се повикува на едукација (име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и функцијата што ја врши во правното лице),

2. Податоци за правното лице (назив и седиште),

- време, датум и место каде ќе се спроведе едукацијата,

- кратко означување на предметот на поканата,

- законска одредба во која е утврден недостатокот,

- име и презиме на инспекторот за патен сообраќај,

- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација,

- место и датум на издавање на поканата,

- место за печат.

Член 3

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за транспорт преку Државните инспектори за патен сообраќај односно овластените инспектори за патен сообраќај на општините, односно на градот Скопје.

Едукацијата се врши во подрачните простори на Државниот инспекторат за транспорт односно овластените инспектори за патен сообраќај на општините, односно на градот Скопје.

Член 4

Едукацијата се врши два пати во неделата, а по потреба и повеќе пати.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-8602/1
6 јули 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.

Прилог бр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

Бр.____________од_________20___год.

ПОКАНА
за спроведување на едукација

1.Податоци за лицето кое се повикува на едукација
Име и презиме _______________________________________________
ЕМБГ___________________________________________________________

Адреса на живеење_____________________________________________

Функција што ја врши во правото лице ___________________________

2.Податоци за правното лице
Назив и седиште _______________________________________________
Државниот инспекторат за транспорт ќе спроведе едукација
во_______часот, на ден_____________година, во просториите на
_________________, лоцирани на ул. ____________________________

Предмет на поканата е
____________________________________________________________
____________________________________________________________
Законска одредба во која е утврден недостатокот
____________________________________________________________

Име и презиме на инспекторот
за патен сообраќај
________________________

М.П

Место и датум на издавање
______________________